РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-161/16
02.02. 2012 год.
СКОПЈЕ

Стручниот совет на Нотарска комора на Република Македонија, согласно член 19 став 2 од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија, на седницата одржана на ден 02.02.2012 година, го усвои следното

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Договорот за доживотна издршка според својата правна природа е строго формален, двостран, товарен и алеаторен договор со кој давателот на издршката се обврзува да го издржува доживотно примателот на издршката или некое трето лице, а примателот на издршката во надомест му го остава целиот свој имот или определен дел од имотот, а чие предавање е одложено до неговата смрт.**

**Кога се работи за право кое ќе се стекне во иднина, а примателот на издршката тоа го знаел и се надевал да го добие и ја изразил својата волја во договорот, тој факт треба да се оценува и прифати. Во ситуација кога со решение од надлежен орган бил вратен национализиран имот, а примателот на издршката во договорот кажал дека една идеална третина (1/3) од тој имот да му припадне на давателот на издршката, тоа значи дека овој дел од имотот нема да влезе во имотна маса, туку му припаѓа на давателот на издршката во часот на смртта на примателот.**

## Образложение

На Стручниот совет е поставено прашање од нотар како да постапува ако во оставинска постапка се покаже дека оставителот за време на живот заклучил договор за доживотна издршка и го навел имотот што

после неговата смрт го остава на давателот на издршката, а во една точка било наведено дека на давателот на издршката ќе помине и 1/3 идеален дел од имотот што треба да се врати во постапка за денационализација која била во тек пред надлежен орган. Решението за денационализација било донесено од органот после склучување на договорот за доживотна издршка со кое бил вратен национализираниот имот. Прашањето е дали вратениот имот со денационализација целосно да се третира како оставинска маса и да се распореди на законските наследници или делот од 1/3 (една третина) да е составен дел од договорот за доживотна издршка и да му припадне на давателот на издршката.

Стручниот совет го усвои наведеното правно мислење од причините наведени во мислењето, а притоа имајќи предвид дека треба да се почитува волјата на странките во договорот за доживотна издршка, а посебно на примателот на издршката.

Основно начело во договорното право е дека она што е договорено треба да му припадне во сопственост на давателот на издршката. Меѓутоа, ако е договорено на давателот на издршката да му припадне и дел од имотот што во иднина ќе се добие во постапка пред надлежен орган, а тоа се остварило со правосилно решение, тоа треба да служи како правен основ за стекнување право на сопственост и се реализира желбата на примателот на издршката. Тој дел од имотот не влегува во оставинска маса, туку има посебен третман.

**СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**МАРЈАН КОЦЕВСКИ**